Уп. Бр. 08-32/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **Групација Арицома а.с.,** со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка, преку Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден **08.03.2023** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото друштвото **Групација Арицома а.с.,** со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка, има намера да стекне целосна контрола врз **Сабрис с.р.о.,** со седиште на Приевозска 4Б, Јинонице, 821 09 Братислава, Словачка, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 09.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **Групација Арицома а.с.,** со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка, со која **Групација Арицома а.с.** има намера да стекне целосна контрола врз **Сабрис с.р.о.,** со седиште на Приевозска 4Б, Јинонице, 821 09 Братислава, Словачка, по пат на стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз

основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и  прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Групација Арицома а.с**. е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании - особено **Autocont AEC a.s..** и **Sabris Consulting** s.r.o **Autocont** се фокусира на имплементација на проекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка на деловните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. **AEC a.s.** обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за GDPR/усогласеност.
**Sabris Consulting s.r.o** е активен во имплементација на SAP и услуги за одржување на SAP.
**Групација Арицома а.с** припаѓа на ККЦГ Групацијата.

**ККЦГ Групацијата** инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности, и информатички технологии и е активна в 33 држави во светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

• Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

• Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејности на коцкање и обложување;

• Сеавус ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност – компјутерско програмирање; и

• Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или

на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**